ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0803 – 126/6**

**Дата: 23.09.2009 година**

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2008 година, кои се прикажани на страните 13 до 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2007 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија и е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- ✓ Никола Груевски - Претседател на Владата на Република Македонија
- ✓ Стојан Тодоров - Генерален секретар на Владата на Република Македонија

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 21.05. до 12.06 и од 01.07 до 17.07.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции.
Ревизијата вклучува и идентификување на сите фази од процесите клучни во функционирањето на субјектот, снимање на функционирањето на интерните контроли, дефинирање на ризиците и контролите кои ги покриваат истите и оценување на резидуалните ризици, како и анализа на законската регулатива, процедурите и постапките кои се извршуваат во текот на работењето.
Информациите за извршената ревизија се добиени преку:

- ✓ Законски, подзаконски и интерни акти со кои се регулира делокругот на работењето на Владата на Република Македонија,
- ✓ Информации за одделни проблеми и настани подготвени за седници на Владата,
- ✓ Одлуки на Владата на Република Македонија,
- ✓ Интервјуа со раководството и клучниот персонал на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија добиени се забелешки на Претходниот извештај, на точките 10.4.2, 10.4.5. и 10.4.6. и истите не се прифатени од страна на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Слабости во функционирањето на системот на интерни контроли

Во оваа точка на извештајот ревизијата ги презентира клучните наоди, ризици и контролни аспекти кои се резултат на испитувањето на ефикасноста на системот на интерни контроли.
Резултатите се добиени преку разговори со раководни лица и вработени во Генералниот секретаријат, како и преку преглед на основните документи.

Во функција на подобрување на општото контролно опкружување и ефикасноста во работењето и јакнење на човечките ресурси, во Секторот за кадровски работи, човечки ресурси и други стручни работи во почетокот на 2008 година изготвени се нови акти за организација и систематизација и доставени до раководството на разгледување, но до денот на ревизијата актите не се усвоени од страна на раководството ниту е побарана писмена согласност од Агенцијата за државни службеници.

Слабостите во организациона смисла констатирани во Конечниот извештај за претходната година и понатаму се присутни:

11.1.1.1. Преклопување на должности и одговорности во извршувањето на работните задачи, поради тоа што работните обврски за непополнетите раководни места предвидени со Правилникот за систематизација ги извршуваат други раководни државни службеници. Имено, работното место раководител на сектор во Секторот за стратегија, планирање и следење и во Секторот за односи со јавноста не е пополнето, а работните задачи ги извршува државен советник од областа на економскиот систем, стратешко планирање и следење на буџетскиот процес, односно помошник раководител на сектор и портпарол во второ споменатиот сектор. Непополнети се и предвидените работни места помошник раководител на сектор и тоа во Секторот за кадровски работи, човечки ресурси и други стручни работи, Секторот за стратегија, планирање и следење и во Секторот за информатика. Наведената состојба предизвикува ризик од несоодветно и ненавремено извршување на работните задачи.

11.1.1.2. Иако во предложените актите за внатрешна организација и систематизација предвидена е организациона единица за материјално финансиско работење, се до нивно донесување сметководствената евиденција и работните задачи поврзани со благајничкото работење се во надлежност на Службата за општи и заеднички работи во Владата. Водењето на сметководствената евиденција и благајничкото работење од лица кои не се вработени во Владата на Република Македонија ја намалува одговорноста, отчетноста и контролата во извршување на работните задачи.

11.1.1.3. Постои несообразеност помеѓу работните задачи според Решенијата на службениците согласно работните места предвидени со актите за организација и систематизација и работните задачи што ги вршат. Од извршениот увид ревизијата констатира дека деветнаесет државни службеници извршуваат работни задачи различни од утврдените со решенијата за распоредување на работно место. На овој начин се доведува во прашање значајноста на изготвените решенија кој претставува акт со кои се дефинираат одговорностите и работните задачи, а на овој начин се зголемува формалноста на истиот акт.

11.1.1.4. Во Конечниот извештај за претходната година ревизијата констатира дека:

- ✓ Повеќе од 30% од лицата кои извршуваат работни задачи во Генералниот секретаријат се ангажирани преку Агенции за привремени вработувања;
- ✓ Се вложуваат значителни средства во обука на привремено вработените лица, кои по истекот на договорот немаат обврска да ги имплементираат стекнатите знаења.

Со увид во документацијата како и од извршеното интервју, констатирано е дека и понатаму значителен број лица се вработени преку Агенции за привремени вработувања. Имено, заклучно со 31.12.2008 година, за потребите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија привремено биле вработени 126 лица, а за Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 12 лица. Договорите за ангажирање на 46 лица кои работеле во интернет кафулиња за реализација на проектот Македонија – земја на информатичари, од Јануари 2009 година, ги презело Министерството за информатичко општество.

Во текот на 2008 година 29 привремено вработените лица засновале редовен работен однос, преку постапка за вработување утврдена во Законот за државни службеници, од кои 25 во Генералниот секретаријат, а 4 во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија.

Од изнесеното ревизијата констатира дека и понатаму постои висок процент на привремено вработени лица, кои:

- ✓ извршуваат раководни работни задачи спротивно на Законот за државни службеници,
- ✓ користат значителни средства за учество на обуки, а по истекот на договорот немаат обврска да ги имплементираат стекнатите знаења.
- ✓ се стекнуваат со искуства и стручни знаења и конкурентска предност пред другите кандидати во постапката за вработување на неопределено време.

Ангажирањето на лица преку Агенциите за привремени вработувања, не е во согласност со одредбите од Законот за Агенции за привремени вработувања, со кои инаку се предвидува отстапување работник на друг работодавач во случаи на: замена на привремено отсутен работник, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот, непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршење на претежната дејност на работодавачот, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект.
Законот за државни службеници не се однесува на лицата вработени преку Агенции за привремени вработувања. Законот обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработување на државни службеници за извршување на работите поврзани со функциите на државата, преку јавен оглас, полагање стручен испит, рангирање на кандидатите според успешноста, а вработувањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.
Имајќи го предвид наведеното, ревизијата не се увери дека контролниот систем функционира подобро во однос на претходната година, бидејќи и понатаму постои висок ризик од отстапување на контролните постапки и не е овозможено целосно следење на функционирањето на интерните контроли.

**Препорака**

Заради надминување на констатираните слабости кои предизвикуваат ризици, одговорното лице целосно да ги применува законските прописи и акти.

### 11.2. Примена на законски акти

11.2.1. Со увид во билансот на приходи и расходи, ревизијата утврди користење на средства во износ од 86,000 илјади денари, кои со Одлука на Владата на Република Македонија се префрлени од разделот Функции на државата.
Со Законот за Буџетите предвидено е за пренамените меѓу буџетските корисници да одлучува Собранието на Република Македонија.
Во Законот за извршување на Буџетот за 2008 година, во одредбата со која меѓу другото се предвидува трошење на средства за други трошоци од ставката Други тековни расходи во разделот Функции на државата не е целосно прецизирана намената на средствата.
Користењето средства од друг раздел по Одлуки на Владата на Република Македонија надвор од собраниска процедура не обезбедува транспарентност на трошењето буџетски средства.

**Препорака**

При донесување Одлуки, Владата на Република Македонија да ги има предвид одредбите дефинирани во законската регулатива.

11.2.2. Владата на Република Македонија постапувајќи по препораката на ревизијата, во 2008 година донела нов интерен акт за користење на угостителски услуги во кој не е утврден критериумот за износот на угостителските услуги по корисник. Со увид во документацијата, ревизијата не можеше да се увери во оправданоста на направените трошоци во износ од 11,889 илјади денари, за угостителски услуги од ресторанот и бифиња на Службата за општи и заеднички работи, бидејќи спротивно на одредбите на интерниот акт Службата за општи и заеднички работи не доставува месечни компјутерски листи на фактурирани услуги по корисници на угостителски услуги до Генералниот секретар и внатрешниот ревизор во Генералниот секретаријат.
Не функционирањето на контролните постапки може да доведе до злоупотреба на овластувањата и неекономично трошење на средствата.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за дополнување и примена на интерниот акт.

11.2.3.Поради тоа што обврската за плаќање на данок на промет на недвижности при продажба на општествени станови, е на товар на Буџетот на Владата на Република Македонија, а произлезена од донесениот Заклучок на Владата на Република Македонија во 2003 година, ревизијата во Конечниот извештај за претходната година даде препорака Владата на Република Македонија да ја разгледа можноста за преиспитување на Заклучокот, односно да го има предвид Законот за даноци на имот, во кој покрај одредбата што предвидува обврзник на данокот на промет на недвижности да биде продавачот на недвижноста, содржана е одредба според која, и купувачот може да биде даночен обврзник, доколку во договорот за купопродажба е така предвидено. Со донесување на споменатиот Заклучок, Владата на Република Македонија ги ставила вон сила Заклучоците од 1994 и 1995 година со кои се предвидувало при продажба на станови и деловни простории во општествена сопственост да не се плаќа данок на промет. Со споменатиот Заклучок, а заради единствено постапување на територијата на Република Македонија и целосна примена на Законот за даноци од имот, дефинирано е при продажба на станбен и деловен простор, да се пресметува и плаќа данок на промет на недвижности на товар на Владата на Република Македонија, како продавач по склучените договори.
Со увид во документацијата, ревизијата утврди исплата на средства по овој основ во износ од 12,416 илјади денари и смета дека со исполнување на оваа дополнително преземена финансиска обврска на Владата на Република Македонија кон единиците на локалната самоуправа, отежнато е планирањето средства во Буџетот за оваа намена, дотолку повеќе што Генералниот секретаријат не располага со точен број станови за кои постапката за регулирање на данокот не е завршена и не постои официјален податок за бројот на решенијата кои во иднина би пристигнале за наплата. Во последните две години Владата на Република Македонија исплатила 37,386 илјади денари по овој основ.

**Препорака**

Владата на Република Македонија да ја разгледа можноста за преиспитување на Заклучокот од 2003 година односно да го има предвид Законот за даноци на имот, во кој покрај одредбата што предвидува обврзник на данокот на промет на недвижности да биде продавачот на недвижноста, содржана е одредба според која, и купувачот може да биде даночен обврзник, доколку во договорот за купопродажба е така предвидено.

11.2.4. По основ на судски решенија за изгубени судски спорови ревизијата утврди исплата на средства во износ од 3,853 илјади денари. Имено, поради невоспоставена институционална поврзаност со Државното правобранителство, Генералниот секретаријат нема сознание за колку предмети е покрената судска постапка, а информацијата за видот на реализираните судски решенија ја добива ex post, од трезорската канцеларија од каде обезбедува поткрепувачка документација. Наведеното од една страна доведува често пати до погрешна наплата на судски решенија од сметката на Владата за предмети кои се однесуваат на органи во состав на Владата, а од друга страна не може да се изврши соодветно планирање на буџетски средства за покривање на овој вид расходи.

**Препорака**

- ✓ Државното правобранителство редовно да ги известува органите на управа за судските постапки.
- ✓ Владата на Република Македонија да дефинира материјална одговорност и правила за надомест на средства од лицата кои при вршење на службената должност, поради донесување на правно неиздржани одлуки, предизвикуваат штета на државниот орган и ненаменско трошење на средствата предвидени за вршење на основната дејност.

**11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции**

11.3.1. Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека не е извршено:

- ✓ Вредносно искажување и сметководствено евидентирање на вишокот на опремата констатиран со пописот;
- ✓ Вредносно искажување на утврдениот кусок и не е донесена одлука за сметководствено евидентирање на истиот. За кусокот на опремата не е извршено задолжување на лицата, односно не е определена материјална одговорност;
- ✓ Вредносно искажување на опремата предложено за расход од страна на пописната комисија, и не е донесена одлука од одговорното лице за третманот (отпис или отуѓување) на овие средства, како основ за нивно искнижување од сметководствената евиденција.

Наведеното е спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и предизвикува до нереално искажување на опремата во Билансот на состојба.

**Препорака**

Одговорното лице целосно да ги имплементира одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со цел пописот на средствата, побарувањата и обврските да биде извршен и реализиран во сите фази.

**11.4. Законско и наменско користење на средствата**

11.4.1. Поради нецелосно спроведување на процедурите предвидени во законската регулатива за остварување на потпрограмата К5 - Соодветна и правична застапеност на заедниците, во Конечниот извештај за претходната година ревизијата даде препорака Владата на Република Македонија да го задолжи Министерството за финансии, согласностите за нови вработувања да ги дава, по целосно исполнување на процедурите по потпрограмата К5, пропишани во законската регулатива.

Од Согласностите за нови вработувања дадени од Министерството за финансии во 2007 година, а за кои законски предвидените процедури по оваа програма не биле целосно спроведени, расходите по овој основ во 2008 година се зголемени за 42% во споредба со претходната година. Имено, поради нереализираните спогодби за преземање односно конечно прераспоредување на лицата вработени во органите на државната управа ревизијата утврди повеќе исплатени средства од ставката плати и надоместоци, во висина од 11.209 илјади денари.

Според планот за реализација на потпрограмата К5, до основање на Секретаријатот за рамковен договор, новите вработувања се спроведуваат преку Генералниот секретаријат, а потоа со преземање новопримените државни службеници се прераспоредуваат во соодветните органи. Така, на почетокот од 2008 година на платниот список на Генералниот секретаријат има 435 вработени лица. Во текот на годината преземањето од други државни органи е отежнато поради тоа што при донесување на одлуката за нови вработувања Комитетот на министри не ги имал предвид:

- ✓ слободните работни места согласно правилниците за систематизација;
- ✓ соодветната стручна подготовка (вид и степен на стручно образование);
- ✓ просторните услови за сместување на нововработените лица,

а како основен критериум за нови вработувања користена е процентуалната застапеност на заедниците. На крајот од 2008 година за 325 лица завршила постапката за преземање, на 9 лица им престанал работниот однос по нивно барање, а за 101 лице постапката не е завршена.

Ревизијата констатира дека исплатата на плата на непреземените државни службеници не е во согласност со извршените работни задачи бидејќи дел од истите се работно ангажирани во други органи на државна управа, а примаат плата и други права од работниот однос во Генералниот секретаријат. Поради ограничени просторни услови дел од нововработените државни службеници не можат физички да присуствуваат на работното место. Наведените слабости предизвикуваат исплата на плата за неизвршена задача, како и трошење на средства планирани за потребите на Владата, за исплата на плата веќе планирана во друг раздел.

Со трансформација на Секторот за спроведување на рамковен договор во Секретаријат, реализирањето на потпрограмата К5- Соодветна и правична застапеност на заедниците е во надлежност на Секретаријатот.

11.4.2. Со увид во Билансот на приходи и расходи, ревизијата утврди исплата на средства во износ од 9.397 илјади денари за учество во работата на владините комисии за решавање предмети во управна постапка од втор степен. Владата на Република Македонија ги формира комисиите согласно Законот за Владата на Република Македонија и Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, а исплатата на надоместокот се врши согласно Одлуките на Владата за утврдување на критериуми и висина на месечниот паричен надоместок за учество во работата на комисиите во 2008 година.

Од извршеното интервју и увид во документацијата ревизијата не се увери дека второстепените комисии се формирани и функционираат во согласност со Деловникот на Владата на Република Македонија, а процесот на исплата на надоместокот е во согласност со Одлуките на Владата. При тоа се констатира следното:

- При изборот и именувањето на членовите и секретарите на комисиите, не се почитувани одредбите од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, односно:
    - o Именувањето на членовите на комисиите се врши директно на седница на Владата на Република Македонија, а не е на предлог на Комисијата за именување, бидејќи предлозите од органите на управа за членови на комисии не се доставуваат до Комисијата, туку се разгледуваат на седница на Владата.

- Во одделни комисии именуваните членови и нивни заменици, не се државни службеници (раководни или стручни државни службеници),
- За секретар на комисија ангажирано е лице на кое работниот однос му престанал поради исполнување услови за пензија, а ангажирањето во 2008 година не е регулирано со соодветен документ.

Ревизијата ја разгледа Информацијата на Државниот управен инспекторат за извршениот инспекциски надзор на работата на второстепените комисиите, и констатира дека составот на комисиите не обезбедува секогаш примена на начелото на двостепеност на управната постапка поради тоа што исти државни службеници членови на второстепените комисии работат во органите на управа што одлучуваат во прв степен.

- Месечните извештаи како основ за пресметка на надоместокот не се доставуваат во согласност со Одлуката за утврдување на критериумите и висината на месечниот паричен надоместок.
- Од вкупно исплатените средства, 5.183 илјади денари се исплатени спротивно на критериумите утврдени во Одлуките. Ревизијата утврди исплатени средства: на членови кои не решиле ниту еден предмет, на членови кои решиле ист број на предмети, а добиле различни износи, на претседателот односно заменикот претседател на комисијата и секретарот на комисијата во паушален износ, за период што не е уреден со Одлуката за утврдување на критериумите и висината на месечниот паричен надоместок, со која е предвидено начинот на наградување на членовите на Комисијата за денационализација да важи шест месеци, од април до октомври 2008, а за натамошниот период не е предвиден начин како да се регулира наградувањето на членовите на комисијата.

Во услови на овој вид контролно опкружување, не е овозможено целосно следење на функционирањето на интерните контроли и постои висок ризик од отстапување на контролните постапки, што остава простор за субјективно утврдување на износите за исплата на месечниот надоместок.

**Препораки**

Одговорното лице да преземе соодветни мерки и активности за надминување на спомenатите слабости:

- ✓ Изборот и именувањето да се врши во согласност со актите што ја регулираат оваа материја,
- ✓ Пресметката на надоместокот да се врши во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија.

11.4.3. Од ставката Други разни трансфери исплатени се средства во висина од 45.000 илјади денари на Македонската радио телевизија, наменети за исплата на плата, храна и превоз. Од извршениот увид во документацијата, ревизијата констатира дека, исплатата на средствата е по Одлука на Владата на Република Македонија, спротивно на одредбите од Законот за Буџети и Законот за радиодифузна дејност. Имено, Македонската радиотелевизија вршејќи функции на јавен радиодифузен сервис покрај средствата од радиодифузна такса, рекламирање, спонзорство, донации, продажба на програми и услуги, користи и средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија, со кои се покриваат трошоците за:

- ✓ Посебни радиопрограми наменети за информирање на иселениците во странство;
- ✓ Најмалку еден радио и телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците во странство;
- ✓ Програмски сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија.

Од Буџетот на Република Македонија се обезбедуваат средства, во согласност со посебен финансиски план предложен од Македонската радио телевизија, а усвоен од Собранието на Република Македонија.
Со оваа исплата извршено е ненаменско користење на средства кои, согласно Законот за буџетите, се одобрени и претставуваат годишен максимален износ на право на трошење за утврдена намена за Генералниот секретаријат.

**Препорака**

При донесување Одлуки, Владата на Република Македонија да ги има предвид одредбите дефинирани во позитивната законска регулатива.

11.4.4. Со увид во документацијата ревизијата не се увери во наменското користење на средства во износ од 15,000 илјади денари, наменети за трансфери до здруженија на граѓани и фондации и до хуманитарни организации, за проектите избрани на повик. Одделението за соработка со невладини организации во рамките на своите надлежности изврши објавување на јавен повик во печатените медиуми во законски утврдениот рок, како и проверка на добиената документација и достави документација на натамошна надлежност до Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации. При тоа ревизијата утврди дека:

- Изборот на невладини организации за 2008 година, е извршен во декември истата година, односно 8 месеци по доставувањето на пријавите од Оделението до надлежната Комисија за распределба на средства. Изборот на проекти и одобрувањето на средства во последниот месец од годината е направен поради спроведувањето на парламентарните избори, иако со Законот за спречување на корупција во текот на изборната кампања се ограничува само вонредна исплата на буџетски средства.
- Изборот на проектите не е сообразен со стратешките определби на Владата ниту е врз основа на пишани критериуми за оценување (вреднување) на понудените проекти.
- Во обидот финансиски да се поддржат што повеќе здруженија на граѓани и фондации, доделените буџетски средства често пати делумно ги покриваат потребните средства за избраните проекти, поради што, во случаите каде што здруженијата на граѓани неможат дополнително да обезбедат финансиски средства, проектите неможат ниту да започнат со реализација.
- Организационата поставеност и ангажираноста на вработените од Одделението за соработка со невладините организации, не е усогласена со обемот на работните задачи, пред се во делот на мониторинг на процесот и евалуацијата (барањата се анализираат врз основа на доставената документација од здруженијата, не се прави контрола за веродостојноста на документите, ниту постојат технички услови за проверка на самата реализација на одобрените средства кај корисникот).
- Нема воспоставено контролни механизми за утврдување на ефектите од претходно реализираните средства како и дали се повторуваат исти корисници на средствата од година во година, односно исти проекти да се аплицирани во повеќе државни органи.

Здруженијата на граѓани и фондации, имаат обврска да доставаат извештаи за искористените средства најдоцна 30 дена по реализација на проектот. Ревизијата изврши увид на доставените извештаи и констатира дека од вкупно 83 здруженија на граѓани и фондации, на кои им се доделени буџетски средства, само 23 ја испочитувале обврската и доставиле писмени извештаи за користење на 4,284 илјади денари или 28% од вкупните средства. До денот на ревизијата останатите корисници за

искористените 10,716 илјади денари или 72% од доделените средства, не доставија извештаи.
Имајќи го предвид мислењето од тематската ревизија извршена во 2008 година, дека утврдените критериуми и постапка за распределба на финансиски средства не се доволно прецизни, односно не овозможуваат оценување на проектите при нивниот избор, Владата на Република Македонија во февруари 2009 година, донела:

- ✓ нова Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија, со која, во функција на подобра проценка на квалитетот на проектите дефинирани се посебни програмски критериуми.
- ✓ Програма за финансирање на проектните активности на здруженија на грагани и фондации, која е усогласена со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија.

**Препораки**

- Да се воспостави единствена база на податоци на невладини организации, со цел да се намали ризикот од повеќекратно финансирање на иста невладина организација што конкурира со ист проект кај повеќе министерства.
- Зајакнување на контролните механизми, како мониторинг и евалуација за утврдување на ефектите од претходно реализираните средства за финансираните проекти со цел да се постигне поголема ефикасност и ефективност во алокација на буџетските средства:
- Финансирањето на повеќе здруженија да се замени со финансирање на проекти со заокружена финансиската конструкција (со цел да се обезбеди крајна реализација на проектот) .

11.4.5. Ревизијата изврши увид во начинот на спроведување на постапката за јавна набавка за маркетинг кампањи за „Зголемување на почитта и толеранцијата меѓу луѓето“ и за „Промоција на значењето на семејството“, во вредност од 57,781 илјади денари и констатира слабости во спроведувањето на процесот на евалуацијата
11.4.6. . Имено, извршена е евалуација како за неделив предмет на набавка, а избрани се повеќе понудувачи односно поделен е предметот на набавка. Комисијата, од една страна, утврдила дека квалитетот, цената и рокот за извршување се критериуми за избор на економски најповолна понуда, а од друга страна, бидејќи не е извршено делење на предметот на набавка, односно разграничување по понудените спотови, при рангирањето дадена е групна оценка по понудувач иако секој понудувач има по повеќе спотови. Така, при изборот, прифатено е мислење на стручната комисија, извршена е комбинација на спотовите односно избрани се понудувачи со помал број бодови по утврдените критериуми, со што ранг листата од извршената евалуација е беспредметна. Ревизијата смета дека наместо групно оценување по понудувачи, поцелисходно е да се изврши одделно оценување по спотови со цел да се надмине ризикот од субјективен избор по извршената евалуација.

**Препораки**

- ✓ Имајќи ја предвид сложеноста и обемноста на јавните набавки да се формира Одделение за јавни набавки составено од вработени лица со соодветна квалификација, за да може да се обезбеди квалитетно спроведување на постапката и следење на реализацијата на јавните набавки.
- ✓ Со цел рационално и ефикасно искористување на средствата, да се обезбеди правилна примена на Законот за јавни набавки, во смисла прецизно и јасно да се


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

дефинира критериумот квалитет што ќе обезбеди правилен избор на квалитетен понудувач.

11.4.6. Ревизијата утврди исплата на средства во висина од 1,232 илјади денари за ангажирање на домашни експерти, кои, како надворешни соработници со посебни знаења и искуства се ангажирани, по сопствен избор и слободна оценка од Претседателот на Владата, врз основа на Одлуката за формирање канцеларија на Претседателот на Владата на Република Македонија. Во договорите покрај описот на работите за кои што тие се ангажирани е пропишана обврска за изготвување извештаи за извршената работа. Со оглед на фактот дека во сметководствената документација кон извршените плаќања не се приложени извештаите од сите ангажирани експерти, ревизијата изразува резерва во однос на оправданоста на исплатените средства.
Отсуството на контролни постапки за утврдување на оправданоста на потрошените буџетски средства може да предизвика ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Одговорното лице целосно да ги почитува договорите, пред се во извршувањето на преземените обврски од страна на експертите, во изготвување на извештаите како основ за плаќање на надоместоците.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.2. и 11.3. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Владата на Република Македонија на ден 31 Декември 2008 година.

13. Според наше мислење кај Владата на Република Македонија, заради наведеното во точка 11.4. не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

14. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор дадени во Конечниот извештај за претходната година, констатирано е:

- ✓ Во функција на намалување на трошоците за закупнини за станови за службени потреби, во мај 2009 година, Владата на Република Македонија донела Одлука за начинот и постапката за остварување на правото на надоместок за закупнина на стан, со која се зајакнати механизмите за контрола.
- ✓ Не се преземени активности во решавање на несообразноста на работните места и работните задачи;
- ✓ Не се преземени мерки во делот на формирање на организациона единица за финансиско сметководствено работење;
- ✓ Не е извршена целосна примена на Законот за државни службеници при обезбедување на потребните човечки ресурси, наместо присутната пракса за истото да се применуваат одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања.

**15. Обелоденување:**

Во функција на реализирање на Програмата на Владата на Република Македонија, со Буџетот за 2008 година планирани се 1,215,140 илјади денари, односно 50% повеќе во однос на претходната година, кога за функционирање на Владата беа предвидени 811,863 илјади денари.

**вкупни расходи 2008**




Најголем процент од средствата за стоки услуги се искористени за кампањи, реклами, соопштенија и повици во вкупен износ од 598,430 илјади денари, кои учествуваат со 49% во вкупниот буџет на Владата на Република Македонија.

Согласно меѓународните стандарди за ревизија, предметните настани имаат влијание врз финансиските извештаи , но не и врз мислењето. На овој начин ревизорот со овој пасус го истакнува материјалното прашање во врска со прашањето за континуитет. Додавањето на пасусот за континуитет е адекватно за исполнување на одговорностите на ревизорот.

Скопје, 15/09/2009


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

_______________________

**Влада на Република Македонија**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1,215,140 | 811,863 |
| **Вкупно приходи** | **1,215,140** | **811,863** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 162,300 | 130,286 |
| Резерви и недефинирани расходи | 5,077 | 47 |
| Стоки и услуги | 901,180 | 639,011 |
| Субвенции и трансфери | 135,444 | 30,672 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,204,001** | **800,016** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 11,139 | 11,847 |
| **Вкупно капитални расходи** | **11,139** | **11,847** |
| **Вкупно расходи** | **1,215,140** | **811,863** |

**Влада на Република Македонија**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 189 | 421 |
| Активни временски разграничувања | 27,523 | 19,007 |
| **Вкупно тековни средства** | **27,712** | **19,428** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 33,735 | 32,569 |
| **Вкупно постојани средства** | **33,735** | **32,569** |
| **Вкупна актива** | **61,447** | **51,997** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 15,182 | 5,357 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 12,341 | 13,650 |
| Пасивни временски разграничувања | 189 | 421 |
| **Вкупно тековни обврски** | **27,712** | **19,428** |
| Извори на капитални средства | 33,735 | 32,569 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **33,735** | **32,569** |
| **Вкупна пасива** | **61,447** | **51,997** |

**Влада на Република Македонија**
**Средства од буџетот на РМ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **32,569** | **32,569** |
| **Зголемување по основ на:** | **11,076** | **11,076** |
| Набавки | 11,076 | **11,076** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **(9,910)** | **(9,910)** |
| Амортизација | (9,910) | **(9,910)** |
| потрошок | | |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **33,735** | **33,735** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*